Асоцијација на спортски обложувалници
на Македонија АСОМ
Бр. 03-5
08.04 2021 год.
СКОПЈЕ


Асоцијација на спортски обложувалници на Македонија
АСОМ-Скопје
mail: contact@asom.org.mk


**До:** Министерство за Финансии

**Предмет:** Мислење по Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, објавен на ЕНЕР на ден 30.03.2021

Почитувани,

Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје, е здружение на приредувачи на игри на среќа во обложувалница кое постои од 2013 година и во кое членуваат легалните и лиценцирани приредувачи на игри на среќа во обложувалница во Македонија кои чинат 93% од сите приредувачи на игри на среќа во обложувалница, чија основна цел е да се развиваат и промовираат врвни светски и современи стандарди на игрите на среќа, како и развивање на поодговорен пристап кон игрите на среќа во обложувалница во Република Северна Македонија .

Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје се наметнува како исклучително значајно здружение за бизнис заедницата во земјава, па тргувајќи токму од неговата важност, значајно е да се напомене дека овој бизнис сегмент - Посебни игри на среќа во обложувалница кој својата дејност ја извршува согласно позитивните законски прописи, вработува преку 3.500 лица и воедно дава значаен и силен придонес кон намалувањето на стапката на невработеност, а од друга страна има значаен импакт и обезбедува редовен и значаен прилив на средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

Имајќи ја во предвид оваа наша репрезентативност во приредувањето на посебни игри на среќа во обложувалница во Република Северна Македонија, а како директно засегната страна цениме дека е потребно да го изнесеме нашиот став по однос на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, објавен на Единствен Национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија - ЕНЕР на ден 30.03.2021 година, бидејќи не бевме повикани за коментари и сугестии како засегната страна од бизнис секторот, а особено имајќи во предвид дека измените на законот имаат директно влијание на работата на приредувачите на посебни игри на среќа во обложувалница во Република Северна Македонија, при што го даваме следното:

## М И С Л Е Њ Е

1. **Асоцијација на спортски обложувалници АСОМ – Скопје во потполност не се согласува** со **Член 2, Член 12, Член 16** и **Член 18** од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри. Изрично сметаме дека ова предвидено ограничување е целосно непотребно, истото нема да има апсолутно никаков позитивен ефект и е неприфатливо за бизнис сегментот и соодветно на тоа треба да се отфрли. Имено, во погоренаведените членови се предвидува:

Член 2

Во членот 21 по ставот (1) се додаваат два нови ставови (2) и (3) кои гласат:

(2)Деловните простории во кои се приредуваат игри на среќа во обложувалница и автомат клуб, томбола од затворен тип и електронски игри на среќа се отвораат на оддалеченост од 500 метри од основни и средни училишта, до кои се доаѓа по најкраткиот безбеден пат.

(3)Начинот на утврдување на оддалеченоста од став (2) на овој член и документот со кој се докажува оддалеченоста ги пропишува министерот за финансии."

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 12

Во членот 73 во ставот (3) по алинеата 6 се додава нова алинеа 7 која гласи:

-документ со кој се докажува оддалеченоста на деловната просторија во која се приредуваат игри на среќа во обложувалница од основни и средни училишта, не постар од 6 месеци од денот на неговото издавање.

Член 16

Во член 86, во ставот (3) по алинеата 7 се додава нова алинеа 8 која гласи:

-документ со кој се докажува оддалеченоста на деловната просторија од основни и средни училишта, не постар од 6 месеци од денот на неговото издавање.

Член 18

Во членот 88 во ставот (2) по точката 2) се додава нова точка 3) која гласи:

3)Документ со кој се докажува оддалеченоста на новата деловната просторија од основни и средни училишта, не постар од 6 месеци од денот на неговото издавање.

**I. Образложение по точка 1 од членовите на Предлог Законот со кои не се сложуваме (член 2, 12, 16 и 18):**

Воведувањето на оддалеченост на објектите за игри на среќа од основни и средни училишта се претпоставува дека се базира на дополнително регулирање на достапност на

игри за среќа за малолетни лица. Меѓутоа, согласно постоечкиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), прашањето за забрана за учество на малолетни лица (дури и за влез во објектите кои приредуваат игри на среќа и за вршење уплата) е **веќе строго регулирано со Член 20** став 1 со кој е пропишано дека „ *Лица помлади од 18 години* ***не можат да учествуваат*** *во игрите на среќа*“, *дополнително став 3 согласно кој* „ *На лица помлади од 18 години не е дозволен влез во казина, во простории каде што се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови*“.

Законодавецот дополнително предвидува обврска за приредувачите на игри на среќа да оневозможат учество и влез на лица помлади од 18 години во игрите на среќа.

**Членот 157 став 1,точка 10** за непочитување и постапување спротивно на член 20 став (2), (4) и (6), законодавецот предвидел високи парични глоби за приредувачите на игри на среќа.

Со сите преземени мерки досега во постоечкиот закон, правно и фактички гледано, **комплетно е регулирано прашањето околу забраната за пристап на малолетните лица**, од причина што законската забрана се почитува од страна на приредувачите на игри на среќа и веќе функционира со години, особено од членовите на АСОМ. Имено, секој објект (уплатно-исплатно место) за организирање на посебни игри на среќа во обложувалница, веќе има поставено на видно место на влезот- налепница - **за забрана за влез на малолетни лица** и секако на сите печатени материјали и промоции се нагласува забраната за учество за малолетни лица. Малолетни лица во обложувалници **нема,** и дополнително нивното учество во обложувањето е оневозможено од самите приредувачи.

Дека приредувачите ги почитуваат постојните законски одредби со кои се забранува учество на малолетни лица во игрите на среќа во обложувалница, укажува и фактот што до сега ниту еден од членовите на АСОМ не е санкциониран од страна на надзорниот орган за евентуално учество на малолетни лица во игрите на среќа во обложувалница.

Со воведување на минимално растојание како ограничувачка мерка за обложувалниците, сметаме дека не се добива никаков дополнителен бенефит по однос на зајакнувањето на мерките кои би се однесувале на малолетните лица, а со минималното растојание се предизвикуваат единствено **негативни импликации по бизнис-секторот, а тоа е:**

- **затворање на повеќе од 98% од уплатно – исплатните места;**
- **драстично намалување на бројот на вработени т.е. ќе бидат испуштени од работа 3125 вработени;**
- **предвремено раскинувањето на веќе склучените договори за закуп за деловните простории;**
- **директну влијание врз стопански субјекти кои пружаат услуги и испорачуваат стоки на приредувачите на игри на среќа (индустрија за производство на мебел, производство на софтвер и хардвер, трговија за бела техника, печатарски**

**услуги, услуги за испорака на електрична енергија, средства за хигиена, молеро фарбарски услуги, маркетинг услуги, текстилна индустрија и др.)**

- **намалување на приходите кои се слеваат во Буџетот по основ на посебни давачки од игри на среќа;**
- **намалување на приходите кои се слеваат во Буџетот по основ на персонален данок на доход од игри на среќа;**
- **намалување на приходите кои се слеваат во Буџетот по основ на персонален данок на доход од плати;**
- **намалување на приходите кои се слеваат во Буџетот по основ на данок на добивка од приредувачите на игри на среќа и**
- **намалување на приходите кои се слеваат во Буџетот по основ на влезно ДДВ (ова од причина што приредувачите на иги на среќа немаат право на обивка на ДДВ).**

Со предвиденото дополнително воведување на ограничување на веќе воспоставен систем и постоечки уплатно-исплатни места кои оперираат на една иста локација со години, па и децении, се врши директна повреда на стекнатите права на приредувачите на игрите на среќа.

Според Асоцијацијата, предлог решението претставува **нерамноправен третман на компаниите кои вршат дејност игри на среќа, со компаниите од други услужни дејности**, со што се прекршува **уставно право за работа на еден правен субјект и правото на** еднаков пристап на пазарот со останатите правни субјекти, за кои се воведуваат забрани т.е. ограничувања (продажба на цигари, алкохол сл.). Имено, општо познато е дека постои забрана за продажба и за точење на алкохол на малолетни лица. Исто така, продажбата на цигари и алкохол за малолетни лица е појава која треба да се ограничи. Од предложеното решение, како споредба, во моментов, не постои исто или слично ограничување за услужни објекти (продажба на цигари, алкохол сл.) во близина на средни и основни училишта, бидејќи се смета дека забраните и ограничувањата за овие услужни дејности се целосно реализирани со соодветни законски решенија во нивните матични закони т.е. само со пропишаната забрана за продажба на цигари, алкохол сл. на малолетни лица. Заради тоа сметаме дека постојната регулација во законот е доволна за да се превенира и забрани учеството на малолетници во игрите на среќа а не воведување на минимално растојание.

Доколку целта на овој несоодветен предлог би била некоја дополнителна контрола на забраната за пристап на малолетни лица, постојат низа ефикасни дополнителни механизми кои можат да се преземат и од страна на приредувачите на игри на среќа и од страна на регулаторот (преку УЈП и инспекциски надзор) како сето тоа видно, доследно и целосно би се почитувало, но секако не на предложениот начин, бидејќи позитивни ефекти преку воведување на минималното растојание не постојат.

2. АСОМ бара во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, да се воведе нов член со кој ќе се промени член 74 став

1 од постојниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) со кој е пропишано дека:

„ Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години“ и истиот да гласи :

**„ Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од шест години“.**

**II.** Образложение и сугестии во однос точка 2 од мислењето на АСОМ за Предлог Законот за именување и дополнување на Законот за игри на среќа, каде се бара продолжување на времетраењето на лиценците:

Кога станува збор за должината за лиценцата кај приредувачите на посебни игри на среќа во обложувалница, Асоцијацијата смета дека и досега е направена неправда и нееднаквост во временскиот рок на важење на лиценците со останатите субјекти кои спаѓаат во истата група на Посебни игри на среќа, а тоа се Автомат-клубовите и Казината. Кај нив лиценцата се издава на шест (6) години, што е реален и соодветен период. Нашето барање во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за игри на среќа, должината на траење на лиценцата да се продолжи од три (3) на шест (6) години, а со тоа да се изедначи со останатиот сегмент.

Со воведување должина на лиценцата од шест (6) години, правната сигурност на компаниите кои организираат игри на среќа во обложувалница ќе биде значајно зголемена, а буџетските приходи по основ посебни давачки ќе бидат стабилни, редовни и регулирани на подолг период. Исто така, со оваа мерка се избегнува непотребната дополнителна и двојна администрација при продожување на лиценците на секои три години на едни исти правни субјекти кои работата согласно законите со исти уплатно-исплатни места, преку вадење ХТП (техничко-технолошки услови) и одобренија по којзнае кој пат за едно исто уплатно-исплатно место.

3. Во член 13 став 5 од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри се предвидува:

   (5)Приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да го зголеми бројот на уплатно-исплатни места при што за отворање на секое следно уплатно-исплатно место плаќа надоместок во износ од 5.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.“

**III.** Образложение и сугестии во однос точка 3 од мислењето на АСОМ за Предлог Законот за именување и дополнување на Законот за игри на среќа:

Предвидениот надоместок во износ од 5.000 евра е превисок во однос на реалните приходи за периодот на важење на лиценцата од три (3) години и истиот сметаме дека е потребно да се намали на износ од 2.500 евра доколку не се прифати зголемувањето на периодот на траење на лиценцата од три (3) на шест (6) години.

4. Со член 14 од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, се предвидуваат измени на член 79 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, на начин што се воведува **"минимален праг" од 900 евра** по уплатно-исплатно место на месечно ниво, на веќе постоечката месечната давачката од член 79 став 1 од Законот за игрите на среќа и забавните игри, во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места.

**IV**. Образложение и сугестии во однос на точка 4 од мислењето на АСОМ за Предлог Законот за именување и дополнување на Законот за игри на среќа во член 14 со кој се менува член 79 став (1)

**Во однос на оваа предлог измена, пред се сакаме да напоменеме дека,** веќе постојат две специјални давачки кои се наменети исклучиво за приредувачите на игри на среќа во обложувалница. Имено, една месечна **давачка за финансирање на спортот во висина од 3%** која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт. Друга давачка е **давачката во висина од 20%** која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места. Сега се воведува и минимален праг од 900 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија месечно по уплатно-исплатно место.

Поставените давачки кои во моментот ги плаќаат приредувачите на посебни игри на среќа во обложувалница е превисока, и не може да се најде нејзин еквивалент во некоја друга индустрија, ниту во државата, ниту во регионот. Земајќи во предвид дека, кога ќе се земат заедно давачката за финансирање на спортот од 3% и давачката во висина од 20%, заедно изнесуваат давачка од 23% од вкупната разлика меѓу приходот и само дел од расходот на организаторите. Така организаторите на игри на среќа во обложувалница плаќаат 23% проценти посебна давачка, но пред воопшто да ги платат расходите за плати, тековни оперативни трошоци и инвестицини трошоци, по што повторно на годишно ниво плаќаат данок од 10% од добивката.

Со оглед дека со остатокот од приходите кои ќе останат по плаќањето на овие давачки треба да се исплаќаат плати и придонеси на вработените, кирии, режиски трошоци, трошоци за редовно одржување, логистика, инвестиции, лиценци, софтверски решенија и слично, со што профитите на друштвата организатори на игри на среќа се сведува на профитна маргина од 1-2% од вкупната уплата, односно само профити мерени во промили во однос на целокупната инвестиција, во зависност од сезоната и резултатите на натпреварите.

Овој тип на посебна давачка кон државата и досега придонесе нето-профитите на друштвата од оваа дејност во минатите години континуирано да опаѓаат на сметка на енормно зголемените давачки кон државата, што придонесе до згаснување на неколку бренда и прикажани загуби кај останатите. Исто така пред пет години, на 28.09.2016 година, беше донесен Законот за изменување и дополнување на законот за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник 178/2016), со кој се воведе давачката за финансирање на спортот во висина од 3%. Неколку друштва, мораа да најдат принудни решенија за дополнителна дејност со дополнителни приходи за да можат воопшто да преживеат и прикажат одредена профитабилност.

Сега нашата индустрија е соочена со ново зголемување на давачките. Со предложените измени на Законот, предлагачот предвидува зголемување, кое го наметнува прашањето,дали при утврдувањето на ваквиот начин на пресметка на посебната давачка воопшто е спроведена анализа и истражување за импактот на истите. Во пракса, новите законски измени од Предлог Законот колективно ќе доведат до значително зголемени давачки и трошоци за организаторите на игри на среќа во обложувалница и тоа за два до три пати.

Доколку се донесе и имплементира членот 23 став 1 од Предлог Законот тоа ќе значи дека ако 20% од разликата на бруто приходот е помала од паушално одбраната цифра - 900 евра по уплатно-исплатно место, тогаш се плаќа таа сума како посебна давачка помножена со бројот на објекти кои работеле во тој месец, како еден вид на *threshold*. Меѓутоа, **900 евра е нереално превисока сума за таа да се земе како еден минимален праг**.

Само податокот дека **просечните 20% Посебна давачка која ја плаќаат обложувалниците во РСМ се движи околу 500 евра месечен бруто-приход** (годишен просек кај различни Приредувачи) само по себе ја негира предложената сума за минимален праг. Доколку постои минимален праг, тој навистина треба да биде во склад со статистиката и математиката, а тоа е **помала вредност од просечното плаќање** на правните субјекти низ минатите години, но не поголем од **500 евра**. Во пракса, ова ќе значи дека минималниот праг ќе биде дури и повисок од посебната давачката што ја плаќаат најголемите организатори на игри на среќа во обложувалница. Исто така и при отсуство на позитивен резултат меѓу примените уплати и исплати, сепак ќе треба да се плати оваа голема давачка од 900 евра по уплатно-исплатно место, иако приредувачот не остварил добивка.

Обложувањето на спортски натпревари е проследено со големи осцилации на месечна основа, во зависност од сезоната на различните првенства или актуелноста на некој шампионат, што во превод би значело: во подобрите месеци, а тоа се малку месеци, ќе се плаќа **процентуално (20%),** но во останатите месеци со помала профитабилност или за месеци со минусно салдо, ќе се **праќа паушално (900 евра по објект),** односно Приредувачите би плаќале и при загуби.

Напоменуваме, ако интенцијата на Регулаторот била да се зголемат приходите на државата, истиот мора да ја земе во предвид фактот дека тие средства едноставно не можат да се наплатат. Обратно, тие само ќе се намалат, бидејќи во случај на нерентабилност, ќе следи

забрзано затворање на уплатно-исплатни места и губење на работни места на илјадници граѓани. Непресушен извор на средства не постои.

Дополнително да го напомене и податокот, дека на играчите во обложувалниците им се пресметува и наплатува 15% Персонален данок на добивка на секој поединечен добитен тикет. Тие средства на годишно ниво се огромен прилив за државата. За разлика од обложувалниците, кај останатите Приредувачи на игри на среќа (Автомат клубови, Казина и Општите игри на среќа), се пресметува и плаќа Персонален данок исклучиво на Џек Пот, што е крајно нефер однос, а дејностите се сродни.

Со оглед на се наведено сметаме дека движењето во оваа насокаоди против интересот на приредувачите на игри на среќа во обложувалница, доведува до намалување на приходите во државниот буџет, губење на работните места на огромен број вработени, па оттука легитимно е да се постави прашањето дали мотивот за носење на овој закон е заштита на некој јавен интерес или притаено принудување кон **згаснување на еден значајно регулирана дејност – Посебни игри на среќа во обложувалница.** Ова би било спротивно на членот 30 од Уставот на РСМ, со кој се гарантира правото на сопственост и членот 1 од Протоколот 1 на Европската Конвенција за Човекови Права и Фундаментални Слободи, со кој се гарантира правото на мирно уживање во сопственоста.

5. Со член 23 од Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, се предвидуваат измени на член 104 каде се додаваат три нови точки 4), 5) и 6) кои гласат:
   4) да е лиценциран приредувач на игри на среќа во Република Северна Македонија најмалку 12 месеци пред поднесувањето на барање за добивање на лиценца;
   5) бројот на вработени лица да биде не помалку од 300 вработени, и
   6) да остварува годишен приход од игри на среќа не помалку од 10.000.000 евра.

   АСОМ смета дека бројот на вработени лица од 300 е превисок и е потребно истиот да се намали на 100, а точката 6) е **целосно да се избрише**. Точките 4) и 5) сосема доволно обезбедуваат гаранција за Министерството за финансии да даде лиценца за интернет игри на среќа на веќе познат приредувач кој најмалку 12 месеци претходно е лиценциран и има најмалку 100 вработени.

Поради погоренаведените причини, уште еднаш апелираме до Министерството за финансии, како изготвувач на Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за игрите на среќа и забавните игри, и посебно до Вас, ценејќи го Вашето искуство и одлично познавање на економијата, внимателно да ги разгледате изнесените сугестии и да ги прифатите внимателно одбраните решенија, како би можеле да ја надминеме оваа ситуација, која никому не оди во прилог.

Го нудиме нашето искуство и поддршка во брзо изнаоѓање на сите поквалитетни решенија за подобрување на сегментот Игри на среќа, а кои ќе бидат во корист како за играчите, приредувачите и државата.

Искрено се надеваме на позитивен одговор, Во спротивно ќе бидеме приморани на непопуларни потези, ќе се соочиме со огромен број отпуштања, големи непланирани трошоци околу прилагодување и затворања во овој бизнис сегмент. Би биле повеќе од благодарни доколку издвоите дел од Вашето драгоцено работно време и ни овозможите непосредно да ги искажеме нашите аргументи и факти.

Податоци за контакт: e-mail адреса: contact@asom.org.mk

Скопје, 08.04.2021

Со почит,

АСОМ – Скопје